ИНФОРМАЦИЈА ЗА СОСТОЈБА СО ТУЛАРЕМИЈА ВО РСМ, ВО 2024 година

ВОВЕД

Туларемија е зооноза, предизвикана од бактеријата- Francisella tularensis - грам-негативен, аеробен, неподвижен коко-бацил. Нејзини природни резервоари се многу видови на животни, пред сè зајаци, глувци, верверички, лисици. Домашните животни поретко заболуваат, а природна инфекција е утврдена кај овци, мачки, кучиња и свињи.

Постојат повеќе начини на трансмисија, и тоа контакт со заразени животински ткива и контаминирана почва, консумирање на контаминирана вода и недоволно термички обработено заразено месо, каснувања од инфицирани инсекти (крлежи), како и вдишување на прашина контаминирана со бацили на туларемија.

Најчесто заболуваат луѓе кои се професионално изложени на поголем ризик, како што се: ловци, сточари, риболовци, шумари, полски работници, ветеринари и планинари.

Инкубациониот период е краток од 3-5 дена (од 1-21 ден, максимум).

Во зависност од местото на навлегување на бактеријата во организмот на човекот, туларемијата може да се манифестира во неколку различни клинички форми: гландуларна, улцерогландуларна, окулогландуларна, орофарингеална, белодробна, интестинална и тифоидна (генерализирана) форма.

Навремената дијагноза и антибиотскиот третман се неопходни за да се спречат компликации.

Во моментов не постои ефикасна и безбедна вакцина против туларемија, а третманот се заснова на употреба на антибиотици. Вообичаено, заболените целосно закрепнуваат, но некои лица може да имаат долг период на реконвалесценција.

Мерки за превенција се: избегнување пиење нетретирана површинска вода, употреба на средство за заштита од инсекти и облека што ги покрива нозете и рацете за да се избегне каснување од крлеж или комарец, избегнување контакт со мртви животни, користење на ракавици при ракување со диви животни, консумација на доволно термички обработено месо од дивеч.

Туларемијата главно е распространета на северната хемисфера и вообичаено не се наоѓа во тропските предели или на јужната хемисфера. Во Европа, бројот на хумани случаи е приближно 800 годишно.

ТУЛАРЕМИЈА ВО Р. С. МАКЕДОНИЈА (1995-2023 година)

Во Р. С. Македонија, туларемијата е болест која подлежи на задолжително пријавување согласно законската регулатива.

Првите регистрирани случаи на туларемија, во нашата држава, се пријавени во епидемија во с. Митрашинци, Беровско, во 1995 година. Во епидемијата заболеле вкупно 31 лице. Во 2010 година, регистрирана е епидемија со вкупно 20 заболени лица од неколку гостиварски села, најмногу во с.Врапчиште. Во 2015 година регистрирани се две епидемии на територијата на Скопје кај жители во с. Арачиново и на територија на општина Лозово, со по 14 заболени лица.

Од 2016 година се регистрираат спорадични случаи. Во 2022 и 2023 година не се пријавени случаи на туларемија.

Вкупниот број на регистрирани случаи на заболувањето во изминатиот 10-годишниот период (2014-2023 година) изнесува 58.

Табела 1. *Туларемија, број и I/100.000, Р. С. Македонија, период 2014-2024*

Година	2014	2015	2016	2017	2018	2019	2020	2021	2022	2023	2024
Број на заболени	0	37	1	13	0	2	2	3	0	0	4
I/100.000	0,0	1,8	0,0	0,6	0,0	0,1	0,1	0,1	0,0	0,0	0,2

СОСТОЈБА ВО Р.С.МАКЕДОНИЈА, во 2024 година

Во Р.С. Македонија, во текот на 2024 година, пријавени се вкупно 4 лабораториски потврдени случаи на туларемија, кои не се епидемиолошки поврзани.

Првиот случај е од Битола, пријавен на 22.07.2024 година.

Станува збор за машко лице на возраст од 34 години од Битола, кој работи во општина Новаци. Првите симптоми се јавиле на 01.07.2024, и тоа: покачена температура, треска, главоболка, жарење во грлото, засипнатост, лимфаденопатија и малаксаност. Прв пат се јавил на преглед во Клиничката болница во Битола 04.07.2024. Во КБ Аџибадем Систина - Скопје е хоспитализиран на 15.07.2024. Од направеното лабораториско испитување добиен е позитивен резултат за Francisella tularensis, IgG антитела, по што е поставен на соодветна антибиотска инфузиона терапија.

Од епидемиолошките податоци се дознава дека лицето една недела пред да му се јават првите симптоми бил на излет во близина на селото Паралово, општина Новаци каде пиел вода од изворска чешма, дополнително дава податок за забележани глувци зад зградата во општина Новаци. Кај ниту еден друг член од семејството, пријателите и колегите не биле регистрирани никакви симптоми на болест.

Од страна на ЦЈЗ Битола, на 23.07.2024 е извршена вонредна дератизација, во и околу општинската зграда во Новаци. Следниот ден од страна на Одделението за хигиена, направен е увид околу изворската чешма. Патот до каптажата бил непристапен, обраснат со треви и истата се посетувала најчесто само по потреба. Водата во каптажата не се хлорира. При увидот биле земени примероци од водата за анализа, и истите се со уреден наод.

Вториот случај е пријавен на 21.11.2024 година, исто така машко лице на возраст од 27 години, студент од Струмица. Првите симптоми на болеста се јавиле на 25.08.2024, карактеризирани со вратна лимфаденопатија и тонзилитис, но првиот лекарски преглед е направен на 25.10.2024, а лабораториски позитивен наод за анти Francisella tularensis IgM и IgG е од 12.11.2024 година.

Од епидемиолошката анкета може да се добие податок дека лицето било на планинарење во август, како и податок за контакт со кучиња.

Во двата случаи, по соодветен медицински третман, заболените лица се излекувани.

Третиот случај е женско лице на возраст од 47 години од Скопје, пријавен на 21.11.2024. Првите симптоми се јавиле на 06.11.2024, и тоа покачена температура, треска, истоштеност и лимфаденопатија во ингвиналниот предел која била присутна подолг временски период по направена оперативна интервенција во април 2023 година. Поради лимфаденопатијата е иследувана во неколку наврати, а од КИБФС е упатена за лабораториско иследување за F.tularensis. На 12.11.2024 е добиен позитивен наод за IgM и IgG антитела на F.tularensis. Дополнително, резултатот е потврден и во Германија.

Од епидемиолошките податоци добиен е податок за можен контакт при расчистување на тераса која не ја користат подолго време на која имало остатоци на пердуви од птици и измет од глувци.

Четвртиот случај е исто така женско лице од Скопје на возраст од 25 години. Првите симптоми се јавиле на 28.11.2024 година и тоа со појава на едностарна лимфаденопатија аксиларно, истоштеност и болка во градите. Болеста лабораториски е потврдена на 12.12.2024 година со докажани позитивни IgM антитела на F.tularensis, по што е ординирана антибиотска терапија.

Од епидемиолошките податоци, лицето дава податок дека имала контакт со уличните мачки кои ги хранела, како и податок дека дома чува мачка.

ПРЕВЗЕМЕНИ СЕ СЛЕДНИТЕ МЕРКИ:

1. Обезбедени се Пријави за изолиран причинител и Пријави за заразна болест за сите случаи на туларемија.
2. Истражен е секој поединечен случај на туларемија и подготовени се епидемиолошки анкети за заболените лица од надлежните епидемиолози.
3. Од ЦЈЗ Битола, за пријавениот случајот е подготвена информација со препорачани и превземени мерки.

ПРОЦЕНКА НА РИЗИК:

Пријавување на спорадични случаи на туларемија во Р. С. Македонија укажува на континуирано присуство на патогенот во животната средина. Појавата на туларемија во епидемиска форма во изминатиот период, укажува на потенцијалот на Francisella tularensis да предизвика епидемија во периодични услови (на пр., климатски промени, пораст на популацијата на вектори или човечка активност) кои го поддржуваат преносот на болеста.
Појавата на четири спорадични случаи во 2024 година во три различни региони, Скопје, Битола и Струмица, потврдува дека туларемијата останува потенцијална опасност за јавното здравје во Р. С. Македонија. Иако ризикот од епидемија во моментов се чини низок, историските трендови и опстојувањето на бактеријата во животната средина бараат континуирана будност и проактивни мерки за ублажување на идните ризици.

ПРЕПОРАКИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА РИЗИКОТ:

- Зголемување на свесноста кај здравствените работници за присуството на туларемијата на територијата на Р. С. Македонија.
- Информирање на матичните лекари и инфектолозите за појавата на заболувањето со цел внесување на болеста во диференцијално дијагностичкото размислување и нивно итно пријавување до надлежните служби.
- Обука на здравствените работници за рано препознавање на симптомите, брза дијагностика и третман.
- Брза истрага на сите спорадични случаи за да се идентификуваат изворите и патиштата на пренос.
- Едукација на населението во областите со висок ризик за да избегне експозицијата (на пр: носење заштитна облека, употреба на средства за заштита од инсекти, избегнување контакт со болни или мртви животни).
- Следење на акумулации кај животните и векторите, како и условите во животната средина особено во ендемските области.
- Засилена координација меѓу хуманиот здравствен и ветеринарен сектор согласно пристапот за Едно здравје.
- Обезбедување и користење на безбедна вода за пиење и промоција на добра хигиенска пракса особено во руралните области.
- Планско извршување на ДДД активности (согласно План доставен до општината), како и дезинсекција и дератизација по епидемиолошки индикации.

Оддел за епидемиологија на заразни болести
Институт за јавно здравје на РСМ

23.12.2024